# SECURITY RISKS THE REGIONAL SECURITY SUBCOMPLEX – WESTERN BALKAN

**Slobodan Stojanovski**
Ministry of Defence, Republic of North Macedonia, stojanovskislobodan@hotmail.com
**Marjan Nikolovski**
Faculty of Security, Republic of North Macedonia, marjan.nikolovski@uklo.edu.mk

**Abstract:** In the past few years, countries of the Western Balkans have been faces new types of security risks that have their common denominator. The focus of this paper is to determine the relevance of the current National Security and Defense Concept and its coherence with contemporary threats, while giving focus to the renewed strategies and their complementarity with the Concept. As a secondary goal, it will be the capture of the current positioning of our national security system in the regional security sub-complex - Western Balkans, with a segmental focus on the latest threats from false reports about explosive devices in institutions across the country. The need for reconfiguration and reworking of the Concept has proven necessary in order to keep up with the fight against modern threats. Analogously, specific proposals were given for the advancement of the Concept by restructuring it and inserting the new modern threats lurking on the state systems. In addition, a positive review was given for the need for coherence with the states that gravitate in the regional security sub-complex - Western Balkans.
**Keywords**: security risks, national security, national conception of security and defense, regional security sub-complex of the Western Balkans, security challenges and the Republic of North Macedonia.

# БЕЗБЕДНОСНИТЕ РИЗИЦИ ВО РЕГИОНАЛНИОТ БЕЗБЕДНОСЕН ПОТКОМПЛЕКС - ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Слободан Стојановски**
Министерство за одбрана, Република Северна Македонија,
stojanovskislobodan@hotmail.com
**Марјан Николовски**
Факултет за безбедност, Република Северна Македонија, marjan.nikolovski@uklo.edu.mk

**Апстракт**: Земјите од Западниот Балкан во изминатите неколку години се соочуваат со нови видови на безбедносни ризици кои имаат свој заеднички именител. Фокусот на овој труд е да се утврди релевантноста на моменталната Национална концепција за безбедност и одбрана и нејзина кохерентност со современите закани, притоа давајќи фокус на стратегиите и нивната комплементарност со Концепцијата. Како секундарна цел ќе биде доловувањето на моменталната позиционираност на нашиот национален безбедносен систем во регионалниот безбедносен поткомплекс – Западен Балкан, со сегментарен фокус на последните закани од лажни дојави за експлозивни направи во институциите низ државата. Потребата од реконфигурација и дообработка на Концепцијата се покажа како неопходна со цел следење на борбата со современите закани. Аналогно на тоа, беа дадени конкретни предлози за унапредување на Концептот со негово преструктуирање и вметнување на новите современи закани кои ги демнат државните системи. Дополнително, беше даден позитивен осврт за потребата од кохерентност со државите кои гравитираат во регионалниот безбедносен поткомплекс - Западен Балкан.
**Клучни зборови**: безбедносни ризици, национална безбедност, регионален безбедносен поткомплекс Западен Балкан, безбедносни предизвици и Република Северна Македонија.

## 1. ВОВЕД И ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАПИ ЗА ПОИМОТ БЕЗБЕДНОСТ

Основна задача на секое државно раководство претставува соодветно и навремено поставување на долгорочни стратешки цели, преку чие исполнување ќе се овозможи константна безбедност и напредок на општеството во државата. Денешниот свет го карактеризираат брзи и динамични промени кои со себе носат нови и често непредвидливи ризици и опасности по безбедноста на државите Кризите и катастрофите се високо на политичките и јавните агенди ширум светот. Практичарите се борат со предизвикот да обезбедат

заштита додека ја одржуваат легитимноста. Тие бараат увид кои се во срцето на јавната администрација: дизајнирање ефективни институции и зачувување на транспарентноста; овозможување и зајакнување на граѓаните без да се поткопува координираниот одговор; балансирање на долгорочните ризици наспроти краткорочните потреби; премостување на јазот помеѓу теоријата и практиката и помеѓу јавниот и приватниот сектор. Но, во дебатите за дизајнирање институции кои штитат од прекугранични закани и неуспеси на критичната инфраструктура, заедницата на јавната администрација е чудно отсутна (Boin & Lodge, 2020). Невозможно е да се замисли светската политика без давање на значај на безбедноста. Секој ден, насекаде низ светот има луѓе кои се убиени, изгладнети, мачени, силувани, затворени, отселени или им е забрането образованието, а сето тоа во име на безбедноста. Концептот на безбедноста ги заситува современите општества насекаде низ светот, при што истиот претставува дел од политичките и експертските говори, колумни во пишаните весници, а дополнително фотографиите од безбедност и небезбедност се појавуваат постојано на нашите телевизиски екрани и социјални интернет платформи. Сето тоа ја прави безбедноста фасцинантен, но често смртоносен, а секогаш значаен дел од животот (Williams, 2008, стр. 1). Безбедноста е како кислород, која се согледува како константна, се до оној момент кога ќе почне да биде оскудна и да недостасува, тогаш не можете да мислите на друго освен на неа (Nye, 2004, стр. 184). Аналогно на случувањата, како основа за конституирање на т.н. современи безбедносни студии биле термините: проширување (broadening security), продлабочување (deepening secutiry), но и според одредени теоретичари – развлекување (extending security) (Jones, 1999). Во склоп на современите безбедносни студии се развиени теоретски пристапи со чист безбедносен предзнак и исклучиво за проучување на појавата безбедност, а кои се одлика на три теоретски школи: Копенгхагенска, Велшка и Париска школа. Во истражувањето за потребите на овој труд ќе биде опфатена Копенхагенската, чии што клучни претставници се Бузан Бери и Вејнер Уле. Нивниот теоретски допридонес за проучување на безбедноста се во развивање на:

Теорија на секуритизација (securitization theory), објаснување на начинот на конструирање или деконструирање на безбедносните закани;

Анализа на сектори (sectors Analysis), која препознава проширување на концептите за безбедност кои се анализираат преку пет сектори (политички, воен, економски, енвиронментален и социетален сектор);

Теорија на регионален безбедносен комплекс (Regional Security Complex Theory).

Теоријата на регионалниот безбедносен комплекс ја развил Бузен Бери во почетоците на осумдесетите години на минатиот век, а подоцна и ја унапредил со заеднички труд на Вејвер Уле. Според ставовите на Бузен и Вејвер, при крајот на дваесетиот век, на глобално ниво се случиле промени кои ја предизвикале регионалната безбедносна динамика. Анархичната структура на меѓународниот систем и територијално фиксираните држави/единици и големото физичко растојание помеѓу регионалните комплекси потполнети се со непостојани прекривачи (overlays). Според Бузен и Вејвер, регионалната безбедносна динамика претставува неопходен услов за постоење на регионален безбедносен комплекс (РБК), односно фокусот е аналитичко проучување на меѓузависноста помеѓу државите на одреден комплекс. Анализата на таа безбедносна меѓузависност, односно воспоставената регионална безбедносна динамика преку примена на поими кои се развиени во состав на ТРБК, но и други поими со кои е збогатена ТРБК, биле креирани релативно добри теоретски предуслови за проучување на безбедноста на повеќе различни нивоа. ТРБК претставува најкористен и најзначаен теоретски склоп во современите безбедносни студии. Бројни објективни и мерливи показатели упатуваат на ваков заклучок, од кои секако најзначаен број на цитати од клучните референци на Бузен и Вејвер во врска со ТРБК, бројни научни трудови во кои е користен овој теоретски склоп, како и бројни дисертации кои се одбранети на најпрестижните светски универзитети, во кои ТРБК е користена како клучен теоретски склоп во истражувањето.

## 2. НАЦИОНАЛНА КОНЦЕПЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА

Во рамките на безбедносната политика, Република Северна Македонија има интенција да обезбеди сигурност и заштита на граѓаните, како од надворешни, така и од внатрешните влијанија и закани од најразличен карактер: безбедносен, економски, политички, еколошки, културен и слично. Главната закана по безбедноста се тензиите и антагонизмите кои се резултат на интеретнички конфликти, екстремен национализам, погрешни реформи и економска неефикасност, фреквенција и огромни димензии на природни и /или технолошки катастрофи со големо влијание врз општеството. Покрај слабата економија, политичките, социјалните и етничките состојби во државата, како нови видови на опасности би ги спомենале: меѓународен тероризам, организиран криминал, милитантниот национализам, фундаментализам и слично. Ваквите закани можат директно или индиректно да влијаат врз националната безбедност на државата. Истите ја поткопуваат безбедноста, демократските и економските темели на општествоот преку слабеење на државните институции и губење на довербата во владеењето на правото (Ѓуровски,

Николовски, & Герасимовски, 2020). Националната Концепција за безбедност и одбрана е основен документ на државата во областа на безбедноста и одбраната. Националната концепција за безбедност и одбрана е заснована врз процената за меѓународното опкружување и положба на Република Северна Македонија, загрозувањата по нејзината безбедност и врз таа основа усогласени цели и насоки за водење на националната безбедносна политика. (mod.gov.mk, 2003). Доколку детално се анализира Концепцијата, ќе се согледа дека истата е поделена на: Интереси на Републиката, Безбедносно опкружување, Политика на национална безбедност и одбрана. Секој дел поединечно е поделен на други подсегменти, преку чие согледување се доаѓа до прецизни насоки и поставени цели. Сепак, самиот факт дека Концепцијата е актуелизирана во 2003 година, дваесет години пред пишување на трудот, потребно е нејзино разгледување, преформулирање и дополнување со современи стратешки цели и предизвици. Самиот опсег на дваесет годишен простор на воочување и соочување со закани кои не **се опфатени во Концепцијата**, наложува сегментарно вметнување на истите во Концепцијата. Затоа согласно увиденото, предлогот е да се изврши корекција во делот на измена во Глава 2, Точка 1 меѓународно опкружување и положба на Републиката, каде во Став 17 наместо досегашното, ќе се измени со Регионалниот безбедносен поткомплекс Западен Балкан како географска целина претставува одлучувачки сегмент во изборот и долгорочното стратешко одлучување на националните цели. Дополнително, претходно увиденото дека се користи терминот ЈИЕ (Југоисточна Европа), во последно време не е релевантен и се почесто се користи Западен Балкан. Потоа, во Точка број 3 од истата глава, како закана да биде вметнет терминот сецесионизам, кој освен во нашата држава, претставува отворена закана во целиот регионален безбедносен поткомплекс. Дополнително, во истата точка, следствено на Став бр.5 да биде вметнет нов став за Закани од лажни дојави за експлозивни направи во институциите низ државата. Поради претходно наведеното дека овој тип на закана во последните две години, како во нашата држава, така и на целиот Западен Балкан е актуелен и скоро невозможен за превенција, потребно е истиот да биде актуелизиран со негово вметнување во Концепцијата. Во Глава 3, Точка број 1, треба да се доизменат точките/ставовите во кои е наведено дека тежнееме за прием во НАТО (веќе сме активна земја членка неколку години), а да се додаде и значајноста на РБПКЗБ и корелацијата со државите кои се во истиот при соочување со симултани проблеми и предизвици. Потребата од вметнување на терминот дезинформација е значаен поради зачестените современи појави на глобална дезинформираност на популацијата. Дезинформациите, особено во услови на конфликт, можат да го предусловат и крајниот резултат на конфликт. Затоа, овој предизвик е значаен и треба да биде дел од Концепцијата во делот на Глава број 2, Точка број 2. На крајот, како значаен сегмент кој е потребно да фигурира во Концепцијата претставува медиумската писменост. Истата е основа на правилно, навремено, вистинито и целоисходно информирање на народот, со што популацијата навремено и вистински ќе биде информирана со сите тековни настани. Во денешно време, информациите најмногу се пренесуваат преку интернет платформите, енормно брзо без верификација на нивната вистиност, што во одредени прилики може да предизвика огромна бура на негативни реакции од популацијата, што само по себе побарува од навремена контрола и превенција на истото. Затоа, потребно е истиот термин да навлезе во склоп на Концепцијата, поради потребата од транспарентност, вистинитост и реалност во информирањето на популацијата од страна на сите видови медиуми.

## 3. ЛАЖНИ ДОЈАВИ ЗА ЕКСПЛОЗИВНИ НАПРАВИ

Изминатите две години, нашата држава и земјите од Западен Балкан беа сведоци на појава наречена лажни дојави за експлозивни направи, кои воглавно се однесуваа на образовните институции долж државите. На територијата на нашата држава истоимените закани започнаа во месецот Октомври 2022 година, а како таргет беа образовните институции во општините во градот Скопје. Откако првични таргет институции беа образовните, потоа започна да се јавуваат лажни дојави и во останати институции, односно трговски центри, железничката станица, меѓународниот аеродром и останати државни институции. Доколку се согледаат информациите, од првата пријава, па се до крајот на 2022 година имало над 380 лажни пријави, а од почетокот на 2023 година до половината на годината над 580 лажни пријави на експлозивни направи(dw.com.mk, 2022). Во текот на месец Март 2023 година дошло до највисок процент на добиени лажни дојави за експлозивни направи во образовните институции низ државата. Аналогно на тоа, МВР имало донесено и пуштено во употреба посебно Упатство, согласно кое веднаш по добивањето на дојавата ќе требало да бидат преземени соодветни мерки од различни организациски единици од МВР, АНБ, АЕК и останати иституции. Битно е да се спомене дека почнувајќи од 2019 година па навака, од страна на институциите во нашата држава во соработка со Европската служба за надворешно дејствување, бил инициран процес на истражување на ранливоста на нашата држава од хибридни закани, во согласност со Заедничката рамка на ЕУ за справување со хибридни закани од 2016 година. Според резулатите од

спроведеното национално истражување, ЕУ доставила препораки за унапредување на отпорноста на хибридни закани на нашата држава, кои биле прифатени од владата на РСМ, а како прв значаен чекор била изработката на Стратегијата за градење национална отпорност и справување со хибридни закани од 2021 година (достапна на сајтот на МО на РСМ). Сето претходно наведено е поврзано со основното сомневање на раководните лица и институциите во државата дека горенаведените закани претставуваат хибридни закани. Поради сложеноста на природата на хибридните закани, согласно Стратегијата, државата беше должна и донесе Акциски план за имплементација на истата во период од 2021 – 2025 година, а согласно Планот, Канцеларијата на Советот за координација на безбедносно – разузнавачката заедница, еднаш годишно, до први Февруари, треба до Владата да достави информација за степенот на имплементација на истиот план.

**4. ТЕОРИЈА НА РЕГИОНАЛЕН БЕЗБЕДНОСЕН КОМПЛЕКС**

Регионите се појавија како движечка сила во светската политика. Во голема мера, светската политика оттогаш беше реконфигурирана за да се фокусира, меѓу другото, на регионите и нивната позиција во меѓународниот систем. Регионите во голема мера варираат во однос на опсегот, институционалните структури и членството. Како концепт, новото разбирање на зборот „регион“ не е ограничено на посебна географска област. Социокултурните фактори како што се регионалниот идентитет како и економските цели исто така се користат при лоцирање и разбирање на концептот. (Aries, 2022) Претходно беше истакнато дека еден од првите и главни чекори во секое истражување треба да биде приближно одредување на клучните поими. При проучување на безбедноста на регионално ниво тоа би подразбирало одредување на поимот регион. Процесот на проширување и продлабочување на глобалната безбедносна агенда е заснован на теоријата на секјуритизација. Од нејзиното појавување, оваа теорија дава критичка перспектива на безбедносните студии и современите дебати за безбедносното управување. Разбирањето на тоа како прашањата на глобалната и регионалната политика се секјуритизирани во институционалните практики е од особено значење за развојот на меѓународното право поради начините на кои процесот на секјуритизација функционира во, или е во интеракција со, постојната рамка на меѓународното право. Улогата на националната безбедност во процесот на секјуритизација на глобалната политичка агенда, исто така, открива нормативно ограничување во рамките на меѓународното право (Hitoshi, 2021). Да се биде регионална сила значи да се биде водечки актер во одреден регион или безбедносен комплекс. Во светот постојат места каде се застапени големи суперсили, при што самото учество како дел од регионален комплекс го дава поларитетот на истиот, пример униполарен како во Јужна Африка, мултиполарен како во Блискиот исток, Јужна Америка и Југоисточна Азија. Претходно наведените претставуваат значајни актери во нивната околина, но не и на глобално ниво. Големите суперсили кон нив се однесуваат адекватно како истите да имаат релевантен допридонес само на регионално, но не и на глобално ниво. Затоа, истите се исклучени од калкулации на високо ниво, без разлика дали истите имаат став или мислење дека заслужуваат да бидат дел од decision makers. (Buzan, Making Global Society A Study of Humankind Across Three Eras, 2023)

Развојот на теоријата на регионален безбедносен комплекс истражувачите на предметот Современи Безбедносни Студии, помеѓу останатото, го добиле теоретскиот склоп чија примена не е ограничена само на едно ниво на безбедност, туку на четири различни нивоа, а потенцијално и повеќе од тоа. Значи, основачите на Копенхашката безбедносна школа посочуваат дека како Теоријата на Регионалниот безбедносен комплекс (ТРБК) може да се користи при проучување на безбедноста на четири нивоа каде на првото ниво ќе се однесуваат односите на внатрешните карактеристики/единици во регионалниот комплекс (поткомплекс), потоа на второто ниво ќе се подразбираат односите помеѓу две држави, односно држава кон држава, потоа на третото ниво односите на Регионалниот Безбедносен Комплекс со останати соседни Регионални Безбедносни Комплекси и на крајот четврто ниво би било влијанието на глобалните сили на Регионалниот Безбедносен Комплекс (Buzan & Waever, Regions and powers: The structure of international security, 2003). Една од основните претпоставки е дека државата која е дел од РПБК има поголема безбедносна меѓузависност, односно поинтензивирана регионална безбедносна динамика со другите држави кои го сочинуваат тој поткомплекс, за разлика од државите кои не припаѓаат на тој поткомплекс. Исто така имајќи во предвид да сите РБК по правило не се составени од ниту една глобална сила, туку безбедносната динамика на ниво на поткомплекс воглавно е развиена од страна на мали (слаби) држави, во трудот е извршено намалување на обемот на истражувањето во смисла на попрецизно формулирање на предметот на истражување. Согласно претходно наведеното, предметот на истражување во овој труд е поврзан со согледување на можностите на ТРБК за идентификување, опишување и евентуално објаснување на безбедноста на еден од препознатливите нивоа на примена на овој теоретски склоп или попрецизно, утврдување на научно – експаланаторниот потенција на ТРБК при проучување на националната безбедност на мали и слаби држави на ниво на регионален безбедносен поткомплекс. Вака одредениот предмет на

истражување сосема јасно имплицира конкретен теоретски склоп, а чиј најголем дел е опфатен во теоријата на РБК.

**5. РЕГИОНАЛЕН БЕЗБЕДНОСЕН ПОТКОМПЛЕКС – ЗАПАДЕН БАЛКАН**

Регионалниот безбедносен поткомплекс Западен Балкан (РБКПЗБ) претставува дел од Регионалниот Безбедносен Европски Комплекс. Истиот ги соединува западнобалканските држави на Балканскиот Полуостров, кои се категоризирани како држави/земји на регионот т.н. Западен Балкан. РБКПЗБ првично бил посочен и деклариран од страна на Бузан и Вејвер, како дел од европскиот континент, во кој најголемо надворешно влијание првично имаат САД, потоа неформално РФ, а на крајот европските сили и останатите светски сили, од кои најмногу се издвојува НР Кина. Државите кои се во склоп на РБКПЗБ се карактеризираат со општества кои се недоволно социјално и социополитички развиени, а како најкарактеристична догма се посочува националниот идентитет кој често претставува извор на страв и конфликтни ситуации. Религијата како поим во РБК се користи како линија за одвојување помеѓу државите и народите, па затоа истата е една од основите за идни можни конфликтни ситуации помеѓу државите на Западен Балкан. Друга карактеристика на РБКПЗБ претставуваат малцинствата во скоро сите држави. Истите претставуваат нераздвоив сегмент до сите држави, со тоа што нивното присуство во различни делови од државните територии е една од основните причини за можно идно потенцијално предизвикување на нови конфликтни ситуации поради разни причини. Некохерентноста помеѓу повеќе балкански држави исто така претставува значаен синоним за можни идни конфликтни ситуации, најмногу поради недоволната демократска структуираност на државите, високиот степен на неискоренета корупција, но и незадоволителното ниво за преструктуирање на државните системи и нивно комплементирање со европските стандарди. Перцепцијата за државите од Западен Балкан која се имагинира во европскиот безбедносен комплекс воглавно се базира преку медиумско фокусирање на државните раководства и нивно поттикнување и претставување како примарни алки во развојот на државите. Од друга страна, сепак во етерот се наоѓаат и појави на посочување на Западен Балкан како недоволно „созреан“ дел од европскиот континент. Аналогно на претходно наведеното, се посочуваат три дискурска, односно три причински последици поради кои се имаат случено балканските војни, а тоа се: историската омраза, потоа неспособноста на локалните актери да го одржат мирот и трето поделеноста помеѓу актерите на балканот и нивната постојана желба за раздвојување и посебност. Согласно претходното, најзначајно формално и неформално влијание на РБПКЗП има Европскиот РБК, со што секоја промена која се случува во централниот, ќе влијае на посебниот, односно поткомплексот (Buzan & Waever, Regions and powers: The structure of international security, 2003, стр. 385-396).

**6. ЗАКЛУЧОК**

Согласно наведеното во трудот, може да се заклучи дека нашата држава има потреба од дополна на моментална Национална концепција за безбедност и одбранаи нејзино доформулирање и надоградба со современи безбедносни закани. Преку дополната ќе се изврши осовременување на истата, со што на донесувачите на одлуки, односно државното раководство ќе располага со преглед на современа основа за поставување на долгорочни стратешки државни цели. Со измените ќе се постигне интероперабилност со современите државни системи и нашиот државен систем ќе се вклопи првично со државите од Регионалниот Безбедносен Поткомплекс – Западен Балкан, а потоа секундарно и со подалечните безбедносни комплекси. На крајот, со сумирање на сето наведено, потребата од измените во Национална концепција за безбедност и одбрана ќе се оправда и потврди дека со следење на модерни безбедносни трендови и навремена преформулација на безбедносниот систем, државата ќе може навремено да реагира на сите идни безбедносни закани и предизвици кои ќе и предстојат во иднината.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Aries, A. A. (2022). *The Palgrave Encyclopedia of Global Security Studies; Regional Security Organizations.* Quezon City, Philippines: Palgrave Macmillan.

Boin, A., & Lodge, M. (2020). *Making sense of an existential crisis: The ultimate leadership challenge*. Преземено 2023 од https://blogs.lse.ac.uk/government/2020/03/26/making-sense-of-an-existential-crisis-the-ultimate-leadership-challenge/

Buzan, B. (2023). *Making Global Society A Study of Humankind Across Three Eras.* London: London School of Economics and Political Science.

Buzan, B. (1991). *People, states and fear: An agenda for International Security Studies in the Post Cold War Era.* Linne Reiner.

Buzan, B., & Waever, O. (2003). *Regions and powers: The structure of international security.* Cambridge University Press.

dw.com.mk. (2022). Преземено 2023 од dw.com.mk: https://www.dw.com/mk/se-stesnuva-krugot-okolu-laznite-dojavi-za-bombi-se-vestacat-dokazi-po-sto-ke-sledat-i-prijavi/a-65418203

Feld, W., & Boyd, G. (1980). *The comparative study of international regions.*

Hitoshi, N. (2021). The Global Security Agenda: Securitization of Everything? Во *he Oxford Handbook of the International Law of Global Security* (стр. 37-53). Oxford University Press.

Jones, R. W. (1999). *Security, Strategy and Critical theory.* Cardiff University.

Mathias, A., & BUzan, B. (2011). Securitization, sectors and functional differentation. *Security dialogue* , 413 - 425.

Mearsheimer, J. J. (2001). *The tragedy of great power politics.* US.

Mearsheiner, J. J. (2009). Information, rights and permisions. *Internationals relations* , 241 - 256.

mod.gov.mk. (2003, 06 11). *mod.gov.mk.* Преземено 09 2023 од Министерство за одбрана: https://mod.gov.mk/storage/2021/06/Nacionalna-koncepcija-za-bezbednost-i-odbrana-1.pdf

Nye, J. S. (2004). Soft Power and American Foreign POlicy. *Political Science Quarterly* , стр. 255-270.

Russet, B. (1967). *International regions and the International System: A study om political ecology.* Chicago: Cambridge University press.

Schweller, L. R. (1998). *Deadly Imbalances: Tripolarity and Hitlers Strategy of World Conquest.* New York: Columbia University Press.

Shepherd, J. L. (2013). *Critical approaches to Security: An introduction to theories and methods.* London: Routledge.

Thomson, W. R. (1973). *The regional subsystem: a conceptual explanation and a Propositional inventory.* International Studies Association, Wiley.

Tuomi, H., & Vayrynen, R. (1983). *Militarization and Arms production.* New York: St. Martin press.

Williams, P. D. (2008). *Security Studies - An introduction.* London: Routledge.

Бакрески, О. (2008). *Контрола на безбедносниот сектор.* Скопје: Филозофски факултет Скопје.

Гоцевски, Т. (2006). *Основи на системот на националната одбрана.* Скопје.

Ѓуровски, М., Николовски, М., & Герасимовски, С. (2020). *Безбедносни ризици и закани - Третман, феноменологија и мапирање.* Битола: Фондација Конрад Аденауер.

Котовчевски, М. (Скопје). *Национална безбедност на Република Македонија.* 2000: Македонска цивилизација.

Николовски, М., Ѓуровски, М., & Саше, Г. (2020). *Безбедносни ризици и закани, третман феноменологија и мапирање.* Скопје: Фондација Конрад Аденауер.

Пророкович - Миличевич, Ј. (2008). *Либерален институционализам во меѓународните односи.* Белград: Чигоја.

РМ, В. н. (2003). *Национална стратегија за одбрана.* Преземено 08 2023